Ready 4School

# Алатка за проценка на подготвеност за училиште

Ко-финансирано од Европска Унија

ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**Подучување на вештини за подготвеност за училиште преку предучилишна програма базирана на АБА**

Број на проектот: 2023-1-CZ01-KA220-SCH-000156079

**Изјава за неодговарање**

Финансирано од Европска Унија. Сепак, искажаните ставови и мислења се единствено на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската Унија или на Европската извршна агенција за образование и култура (ЕАЦЕА). Ниту Европската Унија, ниту ЕАЦЕА не можат да бидат одговорни за нив.

**Веб страна:** https://ready4school.eu/
**Контакт:** ready4schoolerasmus@gmail.com

Алатка за проценка на подготвеност за училиште © 2024 од Универзитет Масарик, Сина Светулка, Вимодо лтд., Центар за аутизам, Иновејшн хајв, Регионална Академија на Одеса за ресурсна едукација, е лиценцирана под CC BY-NC-ND 4.0. За да видите копија од оваа лиценца посетете https://creativecommons.org/licenses/by-nc-nd/4.0/

## Содржина

Содржина 2

Вовед: Поддршка на децата при премин кон учење ( училиште) 3

Подрачја 4

Користење на алатката 4

Дополнителни размислувања 5

Предности од користењето на алатката 5

Резултати 6

Дополнителни размислувања за подобрување 6

Примери на резултати 7

Заклучоци 9

Алатка за проценка на вештини за подготвеност за училиште 10

Основни вештини 10

Вештини за социјална интеракција 11

Вештини за саморегулација и самозастапување 12

Листа за пресметка на вкупен резултат 13

Препораки 14

Област на вештини А: Основни вештини 14

Област на вештини Б: Вештини за социјална интеракција 16

Област на вештини В: Вештини за саморегулација и самозастапување 19

# Вовед: Поддршка на децата при преминот во учење (училиште)

Успешната транзиција во училишната средина бара одредени основни, социјални и вештини на саморегулација од страна на детето. Алатката за проценка на вештините за подготовеност за училиште е многу вреден инструмент за наставниците и останатите вклучени во грижата за овие деца кои сакаат да ги истакнат областите на силните страни на детето и оние области каде можеби ќе им треба дополнителна поддршка за да развијат такви клучни вештини.

## Подрачја

Оваа алатка се насочува на следните подрачја:

**А. Основни вештини**

*Овие вештини се од суштинско значење за навигација и учество во училницата*

А1 Следење на правила во училница: Разбирање и придржување на очекувањата.

А2 Следење на инструкции со повеќе чекори: Обработка и завршување на задачите кои се клучни за академската работа.

А3 Чекање пристап до возрасен и/или предмети: Почитување граници и учење на одложено задоволување.

А4 Управување со времето: Завршувањето на активностите во временската рамка е важно за транзициите и задачите.

**Б. Вештини за социјална интеракција**

*Критични за градење позитивни односи со наставниците и врсниците.*

Б1 Споделување со врсник: Стимулира соработка и позитивни социјални интеракции

Б2 Поздравување и/или давање комплимент на врсник: Иницира социјална конекција и создава гостопримлива средина.

Б3 Препознавање кога некој е повреден/ вознемирен (емпатија): Гради свесност за емоциите на другите и поттикнува соодветни реакции.

Б4 Барање внимание/пристап до нешто од врсник: Пристапува учтиво кон другите за игра или интеракција.

**В. Вештини за саморегулација и самозастапување**

*Помагаат на детето да ги совлада предизвиците и да побара поддршка кога е потребно.*

В1 Барање помош во тешка ситуација: Покажува решавање на проблем и свесност за сопствените потреби.

В2 Барање внимание од возрасен: Бара помош и гради позитивен однос со наставниците.

В3 Прифаќање промени: Прилагодувањето на неизбежните промени во распоредот и активностите ја намалува анксиозноста.

В4 Користи стратегии за справување во самоидентификувани предизвикувачки сензорни ситуации: Покажува самосвесност и регулација за удобно учество.

Вештините во оваа проценка се организирани така да можат да го истакнат напредокот кој е потребен за успех во предучилишната средина. Иако некои од нив би можеле да се сместат во повеќе подрачја, сепак нивната позиција ја одразува нивната примарна функција:

- ***Основни вештини:*** *Создаваат основа за учество и учење.*
- ***Вештини за социјална интеракција:*** *Ги олеснуваат позитивните односи со врсниците и наставниците.*
- ***Вештини за саморегулација и самозастапување:*** *Ја поддржуваат емоционалната благосостојба на детето и способноста за справување со предизвиците.*

## Користење на алатката

Оваа алатка користи Ликертова скала за секоја вештина, овозможувајќи ви да оцените колку често детето го покажува специфичното однесување. Скалата се движи од 1 (сè уште не) до 4 (постојано):

- **Сѐ уште не:** Ова покажува дека детето ретко или никогаш не го покажува посакуваното однесување. Можеби ќе му треба значителна поддршка или интервенција за да ја развие вештината.
- **Понекогаш/Со помош:** Детето го покажува однесувањето повремено, но често има потреба од поттикнување, потсетници или помош од возрасен за успешно извршување на задачата.
- **Често:** Ова значи дека детето ја покажува способноста во поголем дел од времето, со сепак може да има потешкотии во некои ситуации или да бара повремени потсетници.
- **Постојано:** Ова е најповолниот исход, покажува дека детето доследно го изразува посакуваното однесување независно, во повеќето ситуации и без поттик од возрасен.

Ова е преглед/ анализа на начинот на користење:

1. **Прочитајте го описот на вештината:** Секој дел јасно ја опишува проценетата вештина.

2. **Размислете за однесувањето на детето:** Размислете колку често детето ја покажува опишаната вештина.

3. **Изберете соодветна оценка:** Одберете го бројот на Ликеровата скала кој најдобро го одразува однесувањето на детето (1 - Никогаш, 2 - Понекогаш, 3 - Често, 4 – Речиси секогаш).

## Дополнителни размислувања

- **Специфични забелешки во документот:** Ова е општа алатка за проценка, па затоа размислете за можноста да документирате специфични забелешки за секоја вештина со што ќе добиете поцелосна слика.

- **Возраст и развој:** Очекуваното ниво на перформанси може да варира во зависност од возраста и развојната фаза на детето. Имајте го ова во предвид при интерпретирање на резултатите.

- **Сите форми на комуникација:** Земете ги во предвид сите форми на комуникација, вклучително говорниот јазик, гестови и социјални интеракции. Децата се изразуваат на многу начини!

- **Секција за белешки:** Има простор за забелешки или опсервации каде можете да ги забележувате специфичните примери кои ги поддржуваат вашите оценки.

## Предности на користење на алатката

- **Идентификува силни и слаби страни:** Алатката може да ги прикаже силните и слабите страни на детето.
- **Информирање за стратегии на интервенција:** Таа ги идентификува областите во кои детето би имало потреба од интервенции за да ги развие релевантните вештини.
- **Следење на напредокот:** Постојаното користење на алатката овозможува следење на напредокот на детето и мерење на ефективноста на имплементираните интервенции.

Оваа алатка за проценка на вештини за подготвеност за училиште може да биде основа за родителите, наставниците и старателите да му помогнат на детето во подготовка за успешно училишно искуство.

## Резултати

Откако ќе ја завршите оваа евалуација, секцијата за резултати треба да обезбеди:

- **Оценки за проценети вештини:** Ова треба да биде табела или графикон кој е јасно презентиран и кој ги сумира оценките на детето за сите проценети вештини.
- **Преглед на подрачја:** Ова би обезбедило преглед на целокупниот перформанс на детето во сите три подрачја: основен, социјална интеракција и саморегулација. Ова може да се презентира во наративна форма или графикон.
- **Силни страни и области за развој:** Забележете ги конкретните области во кои детето се истакнува и оние во кои најверојатно ќе треба да поработи.
- **Препораки:** Наведете конкретни интервенции или активности кои би можеле да му користат на детето во областите каде неговиот/нејзиниот развој заостанува.

## Дополнителни размислувања за подобрување

**Возрасни групи:** Можеби ќе има потреба да се развијат мали верзии на алатката за проценка кои ќе бидат прилагодени на возраста и соодветни на различните фази на развој.

**Квалитативни белешки:** Целата секција „Белешки“  за секоја вештина треба да овозможи да се забележат конкретни примери и набљудувања кои би помогнале разбирање на однесувањето на детето.

**Податоци од родител/старател:** Ова може да биде област за добивање информации од родителите или старателите во врска со развојот на вештините кај детето во домашни услови.

Користењето на оваа алатка за проценка на вештините за подготвеност за училиште и внимателно анализираните резултати ќе ви ги дадат потребните алатки неопходни за адресирање на потребите на секое дете додека истото работи на градење на потребните вештини за полесно и поуспешно преминување во училишна средина.

## Пример за резултати

*Име: Емили Џонсон*

*Години: 4 години, 8 месеци*

*Дата на проценка: 2024-09-12*

***Оценка на вештини***

| *Подрачје* | *Вештина* | *Резултат* |
|---|---|---|
| *Основни вештини* | *А1. Следење правила во училница* | *3* |
| | *А2. Следење инструкции (од повеќе чекори)* | *2* |
| | *А3. Чекање пристап до возрасен и/или предмети* | *3* |
| | *А4. Управување со времето* | *1* |
| *Вештини на социјална интеракција* | *Б1. Споделување со врсник* | *4* |
| | *Б2. Поздравување и/или давање комплимент на врсник* | *3* |
| | *Б3. Препознавање кога некој е повреден/ вознемирен (емпатија)* | *2* |
| | *Б4. Барање внимание од врсник /пристап до нешто* | *3* |
| *Вештини за саморегулација и самозастапување* | *В1. Барање помош во тешка ситуација* | *3* |
| | *В2. Барање внимание од возрасен* | *4* |
| | *В3. Прифаќање промена* | *2* |

| | | |
|---|---|---|
| | *В4. Користење стратегии за справување во самоидентификувани предизвикувачки сензорни ситуации* | *3* |

***Резиме по подрачја***

***Основни вештини:*** *Емили покажува некои основни вештини, но може да ѝ треба дополнителна поддршка за следење на повеќекратни инструкции и ефективно управување со времето.*

***Вештини на социјална интеракција:*** *Емили е посилна во споделување, иницирање интеракција со врсниците и барање внимание од возрасен. Таа би имала корист од дополнително охрабрување за препознавање на емоциите на другите.*

***Вештини за саморегулација и самозастапување:*** *Емили често може да побара помош кога ѝ е потребно и се прилагодува на промени во рутината со определена поддршка. Таа развива вештини за користење стратегии за справување со предизвикувачки сензорни ситуации.*

***Силни страни и области за развој***

***Силни страни:*** *Емили е великодушна при споделување, покажува добри манири при интеракција со возрасни и врсници и може да побара помош кога се соочува со потешкотии.*

***Области за развој:*** *Емили може да има корист од повеќе вежби за следење на повеќекратни инструкции, завршување задачи во разумна временска рамка, препознавање кога другите се вознемирени и ефикасно користење на стратегии за справување со сензорни предизвици.*

***Препораки***

***Фокус на повеќекратни инструкции:*** *Обезбедете јасни и едноставни инструкции, поделени на помали чекори. Моделирајте го процесот за Емили и обезбедете визуелни потсетници по потреба.*

***Промовирајте управување со време:*** *Користете тајмери или визуелни распореди за да ѝ помогнете на Емили да визуелизира колку време треба да трае задачата. Обезбедете лесни (тивки) потсетници за да остане фокусирана за време на активностите.*

***Поддржете емоционална свесност:*** *Читајте приказни и разговарајте за емоциите со Емили. Посочувајте ѝ ги изразите на лицето и говорот на телото за да ѝ помогнете да разбере како би можело да се чувствуваат другите.*

***Развивање стратегии за справување:*** *Идентификувајте ги сензорните тригери на Емили. Помогнете ѝ во вежбање на техники за смирување како длабоко дишење или сензорни алатки (тешко ќебе, слушалки за намалување шум).*

***Запомнете:*** *Ова е само моментална слика од една проценка. Континуираното набљудување и прилагодување на стратегиите се клучни за поддршка на развојот на Емили во овие важни области на вештини.*

## Заклучоци

Алатката за проценка на вештините за подготвеност за училиште, заедно со поврзаните планови за часови, обезбедува сеопфатна рамка за проценка и интервенција во развојот на детето низ основните области на компетенции кои се сметаат за клучни за успешен премин во училиште. Со оваа алатка се идентификуваат силните и слабите страни, што овозможува да се формираат индивидуализирани интервенции кои ќе може да одговорат на специфичните потреби и ќе поттикнат позитивни промени во однесувањето.

Фокусирајќи се на основните, социоемоционалните и вештините за саморегулација, оваа алатка е усогласена со современите истражувања и најдобрите практики во раното детско образование. Овие две стратегии создаваат безбедна и инклузивна средина за учење, соодветни се на секој вид на потенцијал на детето, а функционираат преку користење визуелна поддршка, позитивно засилување и индивидуализирана настава.

Оваа соработка е, исто така важна за максимизирање на ефикасноста на интервенциите и за постигнување на конзистентност во различни средини. Ова може да му овозможи и пружи на детето вештини и самодоверба за да биде успешно не само во училиштето туку и пошироко.

Алатките, како што се едукативните апликации и уредите кои користат асистивна технологија за комуникација, дополнително ќе помогнат со различни стилови на учење или комуникациски потреби. Примената на овие алатки ќе го олесни процесот на наставниците за ангажирање на децата, поттикнување на комуникацијата и персонализирање на искуството за учење на секое дете.

Алатката за проценка на вештините за подготвеност за училиште, заедно со плановите за часови, претставува спас за оние кои се занимаваат со раната едукација на децата. Со овој комплетен пакет алатки, воспитувачот или негувателот ќе бидат подобро подготвени да обезбедат можности за сите деца да го достигнат својот потенцијал и да бидат успешни во нивното едукативно патување.

## Алатка за проценка на вештини за подготвеност за училиште

### Основни вештини

| Вештина | Опис | Пример | Критериуми | Оценка |
|---|---|---|---|---|
| А1 Следење правила во училница | Ги следи утврдените рутински активности и очекувања во училницата самостојно. | За време на утринскиот „круг“, детето седи на тепихот и го слуша наставникот без потсетување. | 1 – Сè уште не: Ретко следи правила, дури и со потсетници. 2 - Понекогаш/Со помош: Почитува правила со чести потсетувања. 3 - Често: Следи правила самостојно во поголем дел од времето. 4 - Постојано: Секогаш следи правила самостојно. | 1 2 3 4 |
| А2 Следење (повеќекратни) инструкции | Разбира и следи инструкции со повеќе чекори кои се јасно кажани. | Кога е побарано да изврши активност со повеќе чекори, како собирање играчки или ставање валкана облека во кошница, детето може да ја заврши задачата. | 1 – Сè уште не: Ретко следи инструкции со повеќе чекори. 2 - Понекогаш/Со помош: Следи инструкции со повеќе чекори со поттикнување. 3 - Често: Ги следи инструкциите со повеќе чекори самостојно поголемиот дел од времето. 4 - Постојано: Секогаш ги следи инструкциите со повеќе чекори самостојно. | 1 2 3 4 |
| А3 Чекање за пристап до возрасен и/или предмети | Трпеливо го чека својот ред за да побара помош од возрасен или да користи заеднички предмети. | Детето го чека својот ред да ја користи лулашката на игралиштето. | 1 – Сè уште не: Никогаш не чека трпеливо, зема или прекинува. 2 - Понекогаш/Со помош: Понекогаш чека трпеливо, има потреба од чести потсетувања. 3 - Често: Трпеливо чека поголемиот дел од времето. 4 - Постојано: Секогаш трпеливо го чека својот ред. | 1 2 3 4 |
| А4 Управување со времето | Останува фокусиран на задачата и ги завршува активностите во | Детето завршува ликовен проект за време на часот, останувајќи фокусирано и ефективно | 1 – Сè уште не: Ретко ги завршува активностите на време. 2 - Понекогаш/Со помош: Ги завршува активностите навреме со чести потсетувања или пренасочување. 3 - Често: Ги завршува активностите | 1 2 3 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | разумен временски период. | користејќи го времето за да го заврши проектот навреме. | навреме поголемиот дел од времето. 4 - Постојано: Секогаш ги завршува активностите во разумен временски период. | |
| Белешки: | | | | |

## Вештини на социјална интеракција

| **Вештина** | **Опис** | **Пример** | **Критериуми** | **Оценка** |
|---|---|---|---|---|
| Б1 Споделување со врсник | Споделува играчки, материјали или простор со други доброволно. | Кога детето игра со својата омилена играчка, а друго дете покажува интерес за неа, првото дете доброволно ја споделува играчката, иако тоа му е тешко. Исто така, кога децата работат на проект, спремни се да ги споделат своите материјали и работниот простор за да работат заедно и да постигнат заедничка цел. | 1 – Сè уште не: Никогаш не споделува, сака да задржи сè за себе. 2 - Понекогаш/Со помош: Споделува повремено, потребно е охрабрување. 3 - Често: Споделува поголемиот дел од времето. 4 - Постојано: Секогаш споделува доброволно. | 1 2 3 4 |
| Б2 Поздравување и/или давање комплименти на врсник | Иницира поздрави или дава комплименти на врсниците на соодветен начин. | Детето ги поздравува своите врсници велејќи: „Добро утро, како си денес?“ или „Здраво, мило ми е што те гледам!“. Како комплимент може да каже: „Ми се допаѓаат твоите чевли“ или „Твојот цртеж е супер!“ | 1 – Сè уште не: Никогаш не поздравува или не дава комплимент на врсниците. 2 - Понекогаш/Со помош: Повремено ги поздравува или дава комплименти. 3 - Често: Често ги поздравува или дава комплименти. 4 -Постојано: Секогаш ги поздравува или дава комплименти соодветно. | 1 2 3 4 |
| Б3 Препознавање кога некој е повреден/ вознемирен (емпатија) | Забележува кога некој е тажен или повреден и покажува загриженост. | Кога детето ќе го види својот пријател како плаче на игралиштето, веднаш му приоѓа и го прашува што се случило. Го слуша внимателно и нуди утеха со тапкање по грбот. Или сугерира да одат кај наставникот за помош и нуди да го придружи својот | 1 – Сè уште не: Не забележува кога други се вознемирени. 2 - Понекогаш/Со помош: Повремено забележува кога другите се вознемирени. 3 - Често: Забележува и покажува загриженост за другите кои често се вознемирени. 4 - Постојано: Секогаш забележува и | 1 2 3 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | пријател до канцеларијата на наставникот. | покажува загриженост за другите кои се вознемирени. | |
| Б4 Барање внимание од врсник/пристап до нешто. | Внимателно и учтиво бара внимание или пристап до нешто. | Детето бара внимание од својот врсник велејќи: „Може ли да си играш со мене?“ или „Сакаш ли да ја правиме оваа активност заедно?“ Може да користи и невербални сигнали, како што е тапкање по рамо или остварување контакт со очите за да го привлече вниманието. | 1 – Сè уште не: Никогаш не бара учтиво, зема или бара со команда/ инсистирање. 2 - Понекогаш/Со помош: Учтиво бара понекогаш, потребни се потсетувања. 3 - Често: Учтиво бара внимание поголемиот дел од времето.<br>4 - Постојано: Секогаш учтиво бара внимание или пристап до нешто. | 1 2 3 4 |
| Белешки: | | | | |

## Вештини за саморегулација и самозастапување

| **Вештина** | **Опис** | **Пример** | **Критериуми** | **Оценка** |
|---|---|---|---|---|
| В1 Барање помош во тешка ситуација | Бара помош од возрасен кога се соочува со потешкотија во задача или ситуација. | Детето облекува јакна, но се мачи и чувствува фрустрација. Му се обраќа на својот наставник и вели: „Извинете, можете ли да ми помогнете?“ Наставникот потоа нуди водство и поддршка за да му помогне на детето. | 1 – Сè уште не: Никогаш не бара помош, се мачи самостојно.<br>2 - Понекогаш/Со помош: Повремено бара помош, можеби прво ќе се фрустрира. 3 - Често: Бара помош поголемиот дел од времето кога е потребно. 4 - Постојано: Секогаш бара помош кога се соочува со потешкотии. | 1 2 3 4 |
| В2 Барање внимание од возрасен. | Мирно приоѓа на возрасен за да побара внимание за своите потреби. | Детето го гледа својот наставник на другата страна од просторијата и сака да му го покаже својот цртеж. Детето му приоѓа на наставникот и вели: „Извинете, може ли да ви покажам нешто?“ Наставникот потоа му посветува целосно внимание, го слуша и го пофалува цртежот. | 1 – Сè уште не: Никогаш не му приоѓа на возрасен мирно, може да плаче или вика за внимание. 2 - Понекогаш/Со помош: Мирно му приоѓа на возрасен понекогаш, може да се фрустрира. 3 - Често: Мирно му приоѓа на возрасен поголемиот дел од времето. 4 - Постојано: Секогаш мирно му приоѓа на возрасен за да побара внимание. | 1 2 3 4 |
| В3 Прифаќање на промени | Се прилагодува на промени во | Детето прифаќа дека наставниците го откажале | 1 – Сè уште не: Се вознемирува или фрустрира со промени во | 1 2 3 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | рутината или распоредот со минимални потешкотии. | планираното патување до паркот поради лоши временски услови. | рутината или распоредот. 2 - Понекогаш/Со помош: Потребно му е значително време за да се прилагоди на промените во рутината или распоредот. 3 - Често: Се прилагодува на промените во рутината или распоредот со одредена поддршка. 4 - Постојано: Секогаш се прилагодува на промените во рутината или распоредот со минимални потешкотии. | |
| В4 Користење стратегии за справување со предизвикувачки сензорни ситуации | Користи стратегии за справување во предизвикувачки сензорни ситуации што сам ги идентификува. | Детето носи слушалки кои ја блокираат бучавата или користи тешко ќебе за да се смири во ситуации кои го преоптоваруваат. | 1 – Сè уште не: Тешко ги идентификува тригерите и не користи стратегии за справување. 2 - Понекогаш/Со помош: Понекогаш ги идентификува тригерите, но ретко користи стратегии за справување. 3 - Често: Ги идентификува тригерите и повремено користи стратегии за справување. 4 - Постојано: Ги идентификува тригерите и постојано користи стратегии за справување за да се справи со предизвикувачките сензорни ситуации. | 1 2 3 4 |
| Белешки: | | | | |

## Пресметка на вкупен резултат

| **Подрачје** | **Вкупна оценка** |
|---|---|
| А. Основни вештини | ___/16 |
| Б. Вештини на социјална интеракција | ___/16 |
| В. Вештини за саморегулација и самозастапување | ___/16 |

# Препораки

Ова се препораките за воспитувачите во градинките, заедно со релевантни извори на поглавја и планови на часови од водичот за наставна програма:

## Област на вештини А: Основни вештини

- **А1 Следење на правила во училница:**
  - **Постојано (4):** Континуирано поттикнувајте го позитивното однесување. Нудете можности за лидерство (на пр., предводник на редот, помагање со задачи) за да го зајакнете следењето на правила. Поглавје 2: „Следење инструкции" нуди повеќе информации за следење на правила. **Лекција 1** може да се користи за понатамошно зајакнување на оваа вештина.
  - **Често (3):** По потреба, давајте ненаметливо потсетници . Користете визуелни помагала или социјални прикази за да ги зајакнете очекувањата. Погледнете го поглавје 2: „Следење инструкции" за насоки за учење на следење правила. **Лекција 1** може да се прилагоди за дополнителна практична вежба.
  - **Понекогаш/Со помош (2):** Разделете ги правилата на помали чекори. Користете визуелни знаци и моделирање за да го научите детето како да ги следи. Почесто нудете пофалба, дури и за мали успеси. Поглавје 2: „Следење инструкции" нуди стратегии за учење инструкции со повеќе чекори. **Лекција 1** може да се поедностави и фокусира на помал број правила.
  - **Сѐ уште не (1):** Учете ги правилата експлицитно и индивидуално. Фокусирајте се на едно или две правила истовремено. Користете визуелни распореди и конзистентни рутини за да обезбедите структура и предвидливост. Погледнете го Поглавје 2: „Следење инструкции" за насоки за воспоставување рутини и очекувања. **Лекција 1** може да се прилагоди за да се фокусира на основни рутини и очекувања.

- **А2 Следење инструкции со повеќе чекори:**
    - **Постојано (4):** Постепено зголемувајте ја сложеноста на инструкциите. Обезбедете можности за независно решавање на проблеми и донесување одлуки.
    - **Често (3):** Користете визуелна поддршка (на пр. илустрирани картички, чек листи) за да му помогнете на детето да ги запомни чекорите. Разделете ги инструкциите на помали, полесно обработливи делови.
    - **Понекогаш/Со помош (2):** Користете едноставен јазик и јасни гестови. Моделирајте го секој чекор од инструкциите и обезбедете практична помош (физичко водење) по потреба. Погледнете го Поглавје 2: „ Следење инструкции “ за стратегии за давање поддршка и постепено намалување на поддршката. **Лекција 2** може да се користи за насочено вежбање за следење инструкции во повеќе чекори.
    - **Сè уште не (1):** Почнете со инструкции од еден чекор и постепено зголемувајте ја сложеноста. Користете песнички или рими за да ги направите инструкциите поинтересни. Обезбедете непосредно позитивно засилување за следењето на инструкциите. Поглавје 2: „Следење инструкции“ пружа насоки за ефективно користење на засилувањето. **Лекција 2** може да се поедностави за да се фокусира на инструкции во еден чекор.
- **А3 Чекање пристап до возрасен и/или предмети:**
    - **Постојано (4):** Воведете потешки задачи за чекање (на пр. подолги периоди на чекање, чекање во група). Подучувајте техники за саморегулација при смирување(на пр. длабоко дишење, броење) кога чекањето е тешко.
    - **Често (3):** Користете визуелни тајмери за да го направите времето на чекање конкретно. Обезбедете активности кои ќе го одвлечат вниманието додека детето чека. Погледнете го Поглавје 2: „ Следење инструкции “ за информации за визуелни распореди и листи. **Лекција 3** може да се користи за практикување вештини за чекање на структуриран начин.
    - **Понекогаш/Со помош (2):** Понудете избори за да му дадете на детето чувство на контрола (на пр., „Дали сакаш да чекаш овде или таму?“). Користете социјални приказни за да го научите концептот на чекање. **Лекција 3** може

да се прилагоди за вклучување на повеќе визуелни поддршки и пократко време на чекање.

- **Сè уште не (1):** Започнете со кратки периоди на чекање и постепено зголемувајте ги. Спарете го чекањето со активност која му е омилена на детето за да го направите поиздржливо. Користете визуелна алатка „прво/потоа“ за да ја покажете секвенцата на настаните. Поглавје 2: „Следење инструкции“ обработува употреба на визуелни поддршки за учење на чекање. **Лекција 3** може да се поедностави за фокусирање на кратки периоди на чекање и омилени предмети.

- **А4 Управување со време:**

  - **Постојано (4):** Предизвикајте го детето со покомплексни задачи кои бараат подолго време за завршување. Поттикнувајте самостојно управување со времето и поставување цели (на пр., „Да видиме колку коцки можеш да наредиш пред да истече времето на тајмерот“).

  - **Често (3):** Користете визуелни тајмери за јасно да покажете колку време останува за активноста. Понудете избор на активности во одреден временски период за да му дадете на детето чувство на контрола. Погледнете го Поглавје 2: „Следење инструкции “ за информации за визуелни распореди и листи. **Лекција 10** може да се користи за воведување на концептот на управување со време и дневни распореди.

  - **Понекогаш/Со помош (2):** Разделете ги активностите на помали делови со јасни временски ограничувања за секој дел. Обезбедете вербални потсетници и насоки за да му помогнете на детето да остане на задачата. **Лекција 10** може да се прилагоди за фокусирање на пократки активности и почести проверки.

  - **Сè уште не (1):** Започнете со кратки, високо структурирани активности кои имаат јасен почеток и крај. Користете визуелни распореди и конзистентни рутини за да му помогнете на детето да ги предвиди транзициите и да развие чувство за време. Поглавје 2: „ Следење инструкции “ обработува употреба на визуелни поддршки за учење на управување со време. **Лекција 10** може да се поедностави за да се фокусира на основни рутини и кратки, предвидливи активности.

## Област на вештини Б: Вештини за социјална интеракција

- **Б1 Споделување со врсник (Y):**
  - **Постојано (4):** Поттикнувајте го детето самоиницијативно да започне споделување со врсници. Научете посложени сценарија за споделување (на пр. споделување повеќе предмети, договарање на наизменично сменување на редот во игра или активност).
  - **Често (3):** Потсетете го детето да споделува и обезбедете позитивно засилување. Моделирајте споделување со други деца и користете игра на улоги за да ја практикувате вештината.
  - **Понекогаш/Со помош (2):** Користете структурирани активности за споделување со јасни правила и очекувања. Обезбедете визуелна поддршка (на пр. илустрирани картички кои покажуваат споделување) и многу пофалби за обиди за споделување. **Лекција 4** може да се користи за увежбување на споделување во структурирана и поддржувачка средина.
  - **Сѐ уште не (1):** Започнете со активности на паралелна игра каде што децата играат едно покрај друго со слични играчки. Моделирајте споделување преку игра со кукли или со возрасен на кој му веруваат. Погледнете го Поглавје 2: „Следење инструкции“ за насоки за поттикнување на споделување и социјална интеракција. **Лекција 4** може да се прилагоди да се фокусира на паралелна игра и моделирање на однесување за споделување.
- **Б2 Поздравување и/или давање комплимент на врсник:**
  - **Постојано (4):** Поттикнувајте го детето почесто самоиницијативно да поздравува и дава комплименти во различни ситуации (на пр. за време на игра, транзиции). Воведете посложен социјален јазик (на пр., „Ми се допаѓа твојот цртеж затоа што...“).
  - **Често (3):** Обезбедете потсетници и поттик за поздравување и давање комплименти на врсници. Моделирајте различни видови поздрави и комплименти и практикувајте ги преку игра на улоги.
  - **Понекогаш/Со помош (2):** Користете социјални приказни и визуелни знаци за да подучувате поздравување и давање на комплимент. Спарете го детето со врсник-другарче кој ќе ги моделира овие вештини. Погледнете го

Поглавје 2: „Следење инструкции“ за стратегии за поттикнување на социјалната интеракција. **Лекција 5** може да се користи за подучување и вежбање на поздрави и комплименти.

- **Сè уште не (1):** Започнете со невербални поздрави (на пр.  мавтање, насмевка) и постепено воведувајте вербални поздрави. Користете песни, рими или кукли за да ги увежбувате поздравите и комплиментите на забавен и интерактивен начин. **Лекција 5** може да се поедностави за да се фокусира на невербални поздрави и основни социјални интеракции.

- **Б3 Препознавање кога некој е повреден/вознемирен (емпатија):**

  - **Постојано (4):** Поттикнувајте го детето да понуди помош и утеха на врсници кои се вознемирени. Дискутирајте за различни емоции и како тие можат да се почувствуваат во различни ситуации. Погледнете ја **Лекција 6** за активности за поттикнување емпатија и разбирање на емоциите.

  - **Често (3):** Користете визуелни помагала (на пр., картички со емоции, книги за чувства) за да му помогнете на детето да ги идентификува и именува емоциите. Поттикнете го детето да понуди помош или утеха и пофалете го за неговите напори. **Лекција 6** може да се прилагоди за да се фокусира на специфични емоции и соодветни одговори.

  - **Понекогаш/Со помош (2):** Моделирајте емпатија преку вашите интеракции со детето и другите деца. Користете едноставен јазик за да зборувате за чувствата (на пр. „Тој е тажен затоа што ја изгуби играчката“). Обезбедете можности за детето да практикува утешување на другите (на пр.  да понуди прегратка или марамче). **Лекција 6** може да се поедностави за да се фокусира на основно препознавање на емоции и едноставни одговори.

  - **Сè уште не (1):** Започнете со именување на вашите сопствени емоции и разговор за тоа како се чувствувате во различни ситуации. Читајте книги или гледајте видеа за чувства со детето. Користете игра на улоги за да практикувате препознавање и реагирање на различни емоции. **Лекција 6** може да се користи за воведување на концептот на емоции и обезбедување основа за развој на емпатија.

- **Б4 Барање внимание од врсници/Пристап до нешто:**

- **Постојано (4):** Поттикнете го детето да иницира покомплексни социјални интеракции со врсниците, како приклучување кон тековна игра или предлагање на нова идеја за игра.

- **Често (3):** Обезбедете потсетници и насоки за детето да користи учтиви фрази кога бара внимание или пристап до предмети (на пр.„Може ли и јас да играм, ве молам?“). Симулирајте различни сценарија за да ги вежбате овие вештини. Погледнете го Поглавје 2: „Следење инструкции“ за упатства за промовирање на социјална интеракција. **Лекција 7** може да се користи за учење и вежбање на барање внимание од соученици и пристап до предмети.

- **Понекогаш/Со помош (2):** Научете го детето на едноставни фрази за барање внимание или пристап (на пр.: „Може ли јас да бидам на ред?“). Користете визуелни помагала или социјални сценарија за да им помогнете да се сетат што да кажат. **Лекција 7** може да се прилагоди да вклучува повеќе визуелна поддршка и поедноставен јазик.

- **Сè уште не(1):** Започнете со невербални сигнали за барање внимание (на пр., потчукнување на соученикот по рамо или покажување кон играчка). Како што се развиваат комуникациските вештини на детето, така постепено воведувајте едноставни вербални барања. **Лекција 7** може да се модифицира за да се фокусира на невербална комуникација и постепено воведување на вербални барања.

## Област на вештини В: Вештини за саморегулација и самозастапување

- **В1 Барање помош во тешка ситуација(Y):**

  - **Постојано (4):** Научете го детето да идентификува различни типови на проблеми и да размислува за решенија. Поттикнете го да побара помош пред да стане премногу фрустрирано.

  - **Често (3):** Обезбедете конкретни насоки за да го поттикнете детето да побара помош (на пр.: „Можеш ли да ми кажеш каква помош ти треба?“). Пофалете го секогаш кога соодветно бара помош.

  - **Понекогаш/Со помош (2):** Научете го едноставни фрази за барање помош (на пр.: „Помогни ми, те молам“). Користете визуелни знаци или „картичка за помош“ што детето може да му ја покаже на возрасен.

- **Сè уште не (1):** Започнете со тоа што ќе го научите детето да ја крене раката или да користи невербален знак за да покаже дека му треба помош. Поврзете го барањето помош со омилена активност или засилување. Погледнете го Поглавје 2: „Следење инструкции“ за стратегии за учење комуникациски вештини. **Лекција 8** може да се користи за едноставно и јасно подучување на вештината за барање помош.

- **В2 Барање внимание од возрасен:**

  - **Постојано (4):** Научете го детето на пософистицирани начини за добивање внимание (на пр. приклучување кон разговор, понуда за помош). Поттикнете го да чека соодветно време за да побара внимание.

  - **Често (3):** Потсетувајте го детето да користи конкретни фрази за барање внимание (на пр.: „Извинете“, „Можам ли да ви покажам нешто?“). Обезбедете позитивно засилување за користење на овие фрази. Погледнете во Поглавје 2: „Следење инструкции“ за упатства за поттикнување и стратегии за засилување. **Лекција 9** може да се користи за да се научат децата како соодветно да бараат внимание од возрасни.

  - **Понекогаш/Со помош (2):** Научете го детето нежно да потчукне возрасен по рамо или да користи сигнална картичка за да добие внимание. Користете социјални приказни или визуелни распореди за да покажете кога е соодветно да побара внимание. Погледнете во Поглавје 2: „Следење инструкции“ за информации за визуелни распореди и алтернативни методи на комуникација. **Лекција 9** може да се прилагоди со повеќе визуелна поддршка и поедноставени инструкции.

  - **Сè уште не (1):** Започнете со тоа што ќе го научите детето да ја крене раката или да користи невербален знак за да покаже дека му треба внимание. Обезбедете веднаш внимание кога детето соодветно го користи овој сигнал. Размислете за користење стратегии за спарување од Поглавје 2: „Следење инструкции“ за да изградите позитивна асоцијација со наставникот. **Лекција 9** може да се поедностави за да се фокусира на основни невербални знаци за барање внимание.

- **В3 Прифаќање промени:**

  - **Постојано (4):** Воведете неочекувани промени во распоредот и пофалете го детето за адаптирањето. Подучувајте стратегии за справување со

разочарување или фрустрација. Погледнете во Поглавје 2: „Следење инструкции" за информации за картички за промени и стратегии за подготовка. **Лекција 11** може да се користи за воведување и вежбање на прифаќање промени на структуриран начин.

- **Често (3):** Обезбедете предупредувања пред транзиции и промени во активностите. Користете визуелни распореди за да му помогнете на детето да ги предвиди промените и да се подготви за нив. Поглавје 2: „Следење инструкции" ги разгледува визуелните распореди и листи со планови ( организери) . **Лекција 11** може да се прилагоди за да вклучува почести предупредувања и визуелни поддршки.

- **Понекогаш/Со помош (2):** Понудете избори за да му дадете на детето чувство на контрола за време на транзициите (на пр., „Сакаш ли да застанеш прв или последен во редот?"). Користете стратегии за смирување (на пр., длабоки вдишувања, броење) за да му помогнете на детето да се справи со тешките емоции. **Лекција 11** може да се поедностави и да се фокусира на вежбање транзиции со омилени активности.

- **Сè уште не (1):** Започнете со многу мали промени и постепено зголемувајте ја фреквенцијата и сложеноста на промените. Користете социјални приказни и симулации за да се вежба справувањето со промени. Погледнете во Поглавје 2: „Следење инструкции" за упатства за користење на социјални приказни и визуелни поддршки. **Лекција 11** може да се прилагоди за да се фокусира на воведување на концептот на промени со едноставни визуелни материјали и социјални приказни.

- **В4 Користење стратегии за смирување во самоидентификувани и предизвикувачки сензорни ситуации:**

  - **Постојано (4):** Поттикнете го детето самостојно да ги идентификува сензорните предизвици и да избере соодветни стратегии за смирување. Научете го како да ги застапува своите сензорни потреби. **Лекција 12** може да се користи за дополнителен развој на овие вештини.

  - **Често (3):** Потсетувајте го детето да користи специфични стратегии за смирување (на пр. правење пауза, користење антистрес играчка, длабоко дишење) кога се чувствува преоптоварено. Погледнете во Поглавје 2: „Следење инструкции" за информации за сензорно мапирање и паузи за

движење. **Лекција 12** може да се прилагоди за да се фокусира на практикување на овие стратегии во различни ситуации.

- **Понекогаш/Со помош (2):** Создадете пријателска средина погодна за деца со сензорни потреби со посебни зони за смирување и сензорни алатки. Понудете му на детето избор на стратегии за смирување и помогнете му да ги вежба. Поглавје 2: „Следење инструкции“ ги разгледува сензорните стратегии и создавањето средина погодна за сензорни потреби. **Лекција 12** може да се поедностави за да се фокусира на воведување сензорни алатки и основни стратегии за смирување.

- **Сè уште не (1):** Помогнете му на детето да ги идентификува своите сензорни предизвици и реакции. Воведете сензорни алатки и стратегии за смирување на разигран и ненаметлив начин. Погледнете во Поглавје 2: „Следење инструкции“ за упатства за сензорно мапирање и создавање средина погодна за сензорни потреби. **Лекција 12** може да се адаптира за да се фокусира на сензорно истражување и идентификување на активности кои смируваат и релаксираат.